# ЗАПИСНИК
## од гласањето за избор на Претседател на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност

На ден 06.07.2023 година во периодот од 13:30 до 14:00 часот, се спроведе тајно гласање.

На седницата беше избрана Комисија за спроведување на гласањето за избор на претседател во состав:

1. Проф. д-р Ндерим Зеќири, претседател
2. Проф. д-р Мирјана Поповска, член
3. Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа, член

Најнапред се изготвија 12 гласачки ливчиња, согласно присутните членови на седницата на Советот во моментот кога отпочна изборот на претседател.

Претседателот на комисијата ја прочита содржината на гласачкото ливче и упатството за гласање со укажување дека гласањето треба да се изврши со заокружување на ЗА или ПРОТИВ. Беше укажано дека секое друго ливче ќе се смета за неважечко (како на пример, заокружено име или друг збор, ливче на кое нешто е допишано или е прешкртано, или ако ливчето е празно).

Со оглед дека на седницата се присутни 12 членови, за избран се смета кандидатот ако добие најмалку 7 гласа.

Пред почетокот на гласањето беа пребројани гласачките ливчиња потпишани од комисијата и се пристапи кон гласање.

Гласачката кутија беше прегледана од страна на самата Комисија.

Секој член што гласаше, најнапред се потпиша на Списокот што е во прилог на овој записник.

По отворањето на гласачката кутија, беше констатирано дека во неа има 12 гласачки ливчиња, од кои 12 важечки и ниту едно неважечко ливче.

За предложениот кандидат имаше 12 гласови ЗА и 0 гласа ПРОТИВ.

Согласно добиените гласови, беше констатирано дека за претседател на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност е избрана

Проф. д-р Гордана Лажетиќ

Скопје, 06.07.2023

Изборна комисија:

Проф. д-р Ндерим Зеќири, претседател

--------------------------------------------------------

Проф. д-р Мирјана Поповска, член

--------------------------------------------------------

Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа, член

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност
Këshilli kombëtar për arsim të lartë dhe veprimtari shkencore
Бр./Nr. 1410-109
06.07 2023 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP